Архивски знак:____
Рок на чување:____ год.
20__ год.
Потпис,

**З А П И С Н И К**
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57- 54**
**Датум: 25.07.2023 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на трансакциска-сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
| | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 21.07.2023 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 13:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 25.07.2023 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12:00 ч. |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | / | | |
| Главна дејност на објектот–инсталацијата каде што се | / | | |

| | |
|---|---|
| врши надзорот | |
| Адреса на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура-во натамошниот текст: МК) |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Налог бр. 57-54 од 10.07.2023 г., издадена од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор со задолжување да се изврши вонреден инспекциски надзор на корисникот физичко лице [redacted] од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, а по Иницијативата бр. 21-5771/1 од 23.05.2023г., поднесена од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МК.

**4)Инспекцискиот надзор е извршен од**:

[redacted], помошник инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

**5)Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор се врши од аспект на примена начлен 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од **50.000 денари**, од одобрените 60.000 денари согласно со Договорот бр. 20-5556/1 од 04.05.2021 г., за учество во финансирање на проектот – **„III Фолклорен концерт во с.Палчиште“, избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност** како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на соодветен образец за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК, како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери и видеа).

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присуствуваше субјектот на надзорот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица:

| Ред. бр. | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| / | / | / |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор, односно на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

-Корисникот доставил Пријава УП1 бр. 20-1888 од 12.11.2020г., за **проектот „III-Фолклорен концерт во с.Палчиште"**, избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година по дејности и областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност а согласно со Решението УП1 бр. 20-1888/2020 од 23.02.2021г., донесено од министерот за култура истиот е прифатен како проект од национален интерес во културата за 2021 година во фолклорната и сценско-уметничката дејност.

Во Пријавата е наведено дека целта на проектот „III-Фолклорен концерт во с.Палчиште", има за цел унапредување на фолклорот и орото во с.Палчиште и запознавање на младите со нашиот фолклор. Развивање, унапредување и

афирмација на културно уметничката дејност во с.Палчиште. Простор за реализација на концертот е во О.У. Дервиш Цара во с.Палчиште на 11.6.2021година.

-Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договорот бр. 20-5556/1 од 04.05.2021 г., за учество во финансирање на проектот „III-Фолклорен концерт во с.Палчиште", избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година од областа во фолклорот, а за финансирање на проектот се одобрени средства во износ од 60.000 денари.

-Со Барањето за исплата на одобрените средства заведено во писарницата на МК под бр. 20-6991/1 од 20.05.2021 г., корисникот доставил и **Образец за оперативен и финансиски план** за користење на одобрените средства за реализација на проектот (по намени и износи). Во Оперативниот и финансиски план е наведено дека проектот **„III-Фолклорен концерт во с.Палчиште", ќе се реализира во О.У.Дервиш Цара с.Палчиште во почеток на месец јуни 2021година.** Исто така, е наведено дека преведените средства ќе се трошат за следните намени: **1.Рекламен материјал во износ од 36.000 денари; 2.Озвучување во износ од 17.000 денари и 3.Персонален данок во износ од 7.000 денари, вкупно во износ од 60.000 денари.** Во прилог на Оперативниот и финансиски план доставена е Изјава од 23.04.2021г., од Бурим Мемиши за наменско користење на средствата.

-Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, **утврдено е дека е постапено односно Образецот за наративен и финансиски Извештај е доставен за време на инспекцискиот надзор на ден 24.7.2023 година заведен под бр. 21-7306/1 од истиот датум, во прилог со целовкупната документација.**

- Со Решението за преведување на средства бр. 20-5556/2 од 21.05.2021 година, од МК преку Авторската агенција Веда ДООЕЛ на корисникот  за проектот **„III-Фолклорен концерт во с.Палчиште"**, му е исплатен прв дел од средствата бруто износ од **50.000 денари**, односно нето износ од 44.883 денари.

афирмација на културно уметничката дејност во с.Палчиште. Простор за реализација на концертот е во О.У. Дервиш Цара во с.Палчиште на 11.6.2021година.

-Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договорот бр. 20-5556/1 од 04.05.2021 г., за учество во финансирање на проектот „III-Фолклорен концерт во с.Палчиште", избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година од областа во фолклорот, а за финансирање на проектот се одобрени средства во износ од 60.000 денари.

-Со Барањето за исплата на одобрените средства заведено во писарницата на МК под бр. 20-6991/1 од 20.05.2021 г., корисникот доставил и **Образец за оперативен и финансиски план** за користење на одобрените средства за реализација на проектот (по намени и износи). Во Оперативниот и финансиски план е наведено дека проектот **„III-Фолклорен концерт во с.Палчиште", ќе се реализира во О.У.Дервиш Цара с.Палчиште во почеток на месец јуни 2021година.** Исто така, е наведено дека преведените средства ќе се трошат за следните намени: **1.Рекламен материјал во износ од 36.000 денари; 2.Озвучување во износ од 17.000 денари и 3.Персонален данок во износ од 7.000 денари, вкупно во износ од 60.000 денари.** Во прилог на Оперативниот и финансиски план доставена е Изјава од 23.04.2021г., од за наменско користење на средствата.

-Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, **утврдено е дека е постапено односно Образецот за наративен и финансиски Извештај е доставен за време на инспекцискиот надзор на ден 24.7.2023 година заведен под бр. 21-7306/1 од истиот датум, во прилог со целовкупната документација**.

- Со Решението за преведување на средства бр. 20-5556/2 од 21.05.2021 година, од МК преку Авторската агенција Веда ДООЕЛ на корисникот за проектот **„III-Фолклорен концерт во с.Палчиште"**, му е исплатен прв дел од средствата бруто износ од **50.000 денари**, односно нето износ од 44.883 денари.

- На денот на инспекцискиот надзор на 21.07.2023 година, од страна на корисникот [redacted] изјавено е дека проектот „III-Фолклорен концерт во с.Палчиште“, е реализиран и истиот е одржан во Основно училиште Дервиш Цара во село Долно Палчиште на ден 10.05.2021 година со почеток во 19.00 часот. Концертот бил со времетраење од околу 40 минути и учество имал Ансамблот Звуците на Каршиака од Скопје и Културно Уметничко друштво Љиљан од Скопје.

Во прилог за време на инспекцискиот надзор беше доставена следната документација: Фактура бр.18/2023 од 10.03.2021 од ЛУМА График за изработка на рекламен материјал во износ од 36.000 денари; Сметко-потврда од ЛУМА График бр.02/2021 од 10.05.2021г., за [redacted] за рекламен материјал (постери, плакати, покани, флаери и мајци) за фолклорен концерт во износ од 36.000 денари; Договор помеѓу [redacted] и [redacted] за изнајмување на озвучување за фолклорен концерт со авторски надомест во износ од 16.000 денари; Изјава на Нотар за примопредавање на пари од 17.7.2023 година, за исплатени пари во износ од 17.000 денари помеѓу [redacted] и [redacted] Изјава од Ансамблот Звуците на Каршиака Скопје дека на ден 10.05.2021 година учествувале на концеротот во ОУ Дервиш Цара с.Долно Палчишта организирано од [redacted] Изјава од Културно уметничко друштво Љиљан од Скопје дека на ден 10.05.2021 година учествувале на концеротот во ОУ Дервиш Цара с.Долно Палчишта организирано од [redacted] Изјава од 21.7.2021 од ОУ Дервиш Цара с.Долно Палчишта дека на ден 10.05.2021 година одржан е фолклорен концер во училиштето организирано од [redacted] фотографии од одржаниот концерт како и Плакат за фолклорниот концерт во О.У. Дервиш Цара во 19.00 часот на ден 10.05.2021 година.

-За време на инспекцискиот надзор од страна на корисникот [redacted] беше изјавено дека паричните средства кој авансно му биле исплатени од Авторската агенција Веда ДООЕЛ, истите му биле одземени од Банка поради долгувања за кредит, поради тоа бил обврзан дел од средствата да ги исплати на рака на физичкото лице Фестил Калиси за озвучување. Поради тоа во прилог е доставена и Нотарска изјава за преведени средства на рака на ден 10.05.2021 година помеѓу [redacted] и [redacted]

Но во однос на горенаведеното, во Договорот за учество во финансирање на проект од национален интерес бр. 20-5556/1 од 04.05.2021г., во член 6 изречно е наведено дека “*Не се признаваат за трошок исплати на средства во готовина за лица кои се ангажирани со авторски договор*”. Поради тоа, Изјавата на Нотар за примопредавање на пари од 17.7.2023 година, за исплатени пари во износ од 17.000


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

денари помеѓу [redacted] и [redacted] од страна на инспекторот за време на инспекцискиот надзор не е земена во предвид. Оттука, корисникот [redacted] за време на инспекцискиот надзор го врати останатиот дел од средствата со што во прилог беше доставена Уплатница од 21.07.2023г., од НЛБ Тутунска Банка на износ од 8.883 денари.

Од документацијата презентирана при инспекцискиот надзор, утврдено е дека за реализација на проектот „III-Фолклорен концерт во с.Палчиште“, од преведените средства во износ од **50.000 денари** преку Агенција ВЕДА корисникот потрошил средства по следните износи и намени и тоа:

1. **36.000 денари** за рекламен материјал и тоа: Фактура бр.18/2023 од 10.03.2021 од ЛУМА График за изработка на рекламен материјал во износ од 36.000 денари; Сметко-потврда ЛУМА График бр.02/2021 од 10.05.2021г., за [redacted] за рекламен материјал за фолклорен концерт (постери, плакати, покани, флаери и мајци) во износ од 36.000 денари;
2. **5.117 денари за Персонален данок** за преведени средства преку Агенција ВЕДА;
3. Остататите средства во износ од **8.883 денари** се вратени во буџетот на РСМ за време на инспекцискиот надзор, прилог уплатница од 21.07.2023г., од НЛБ Тутунска Банка.

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице:**

**- Проектот „III-Фолклорен концерт во с.Палчиште“, на корисникот [redacted] е реализиран во О.У.Дервиш Цара с.Долно Палчишта на ден 10.05.2021г., во 19.00 часот, а дел авансно преведените средства од Буџетот на РСМ преку Авторската агенција ВЕДА ДООЕЛ Скопје се потрошени наменски согласно со Договорот бр. 20-5556/1 од 04.05.2021 г., а дел се вратени во Буџетот на РСМ со што во прилог е доставена уплатница на износ од 8.883 денари, оттука е утврдено дека проектот е реализран во рамките на преведените средства од страна на МК и без ненамирени обврски.**

**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.**

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13)Забелешки на субјектот на надзорот:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за<br>помошник инспектор за култура | |
| Датум: | 25.07.2023 г. | Датум: | 25.07.2023 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да се потпише записиникот, да се наведат причините.

______________________________________________


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk